# С Л У Ч А Ј  Ф Е Р Ш П Е Д

Во однос на АД Фершпед Скопје , неговото настанување , делување и приватизација постојат многу вистини , точни и делумно точни но самиот факт што се многу го докажува тврдењето дека отсуствува правата вистина која може да биде само една .

Надлежните државни органи на Република Македонија потрошија доволно време да ја утврдат правата вистина при што ефектот по правило изостануваше . Причините за ваквото хаотично однесување и постапување од страна на институциите на системот најмалку треба да се бараат во самите органи . Нивната во најголем дел несоработка и во ретки случаи соработка но координирана до степен на несоработка во основа се должи на тоа што таканаречениот предмет Фершпед е константно доволно жежок да ги изгори во секој момент лицата кој на било кој начин го отвараат прашањето на неговата приватизација вклучително и лица кој се наоѓаат на високи јавни функции .

Прилог на ваквото тврдење е фактот што во постапката за приватизација во ниеден момент не се поставило прашањето : Што се приватизира ? чиј одговор неминовно би довел и до следното прашање : Дали може да се приватизира ?. Небулозите на официјалните органи задолжени за приватизацијата и околу приватизацијата продолжуваат и потоа свесно занимавајќи се со прашања од типот : Кој колку акции поседува ? , Како се стекнати односно платени акциите ? , Зошто состојбите во акционерските книги од 1991 и 1995 не се совпаѓаат ? , Како се исплатувани дивиденди на лица што не се акционери ? и ред други прашања чии одговори само ги замаглувале состојбите и ги намалувале шансите да се продре во суштината на проблемот .

Ваквото оддалечување од материјалната вистина не претставува ништо друго освен создавање лажен привид за наводна грижа за заштита на јавниот интерес а во суштина водело , претпоставувам свесно , до застарување на сите законски рокови во кој било можно да се превземат дејствија за заштита на истиот .

Имено , неспорно е дека формирањето на ООЗТ Фершпед во состав на ЖТО Скопје е извршено 1974 година а во 1984 година кон ова ООЗТ-е се здружува и ООЗТ за Јавни и Царински складишта Скопје и двете во состав на ЖТО Скопје кое пак е основано од Собранието на Социјалистичка Република Македонија а што е регулирано со член 4 од Законот за железнички сообраќај ( Сл.Весник на СРМ бр 46/78 и 13/86 ) . Следствено на ова а тогашните позитивни прописи Работничкиот совет на ЖТП- Скопје носи одлука бр 3703 од 15.12.1989година за основање на ЖТО-Општествено претпријатие ЂДОО за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД Скопје и согласно член 4 став 1 од Одлуката оснивачкиот дел на Јавното претпријатие во ДОО-то изнесува 51%.

Незаконитото постапување од страна на одговорните лица во Фершпед започнува краток период по основањето ( 01.01.1990 година ) односно веќе на 04.12.1990 година кога Работничкиот совет на ЖТП ДОО Фершпед носи Одлука број 33 за организирање и промена на статусот на претпријатието во АД во мешовита сопственост и Одлука број 34 за издавање на интерни акции со попуст

заради прибавување на додатен капитал и истите одлуки се спроведени пред надлежниот суд и извршен е упис на АД Фершпед во мешовита сопственост со Решение Срег.бр. 7881/91 од 10.12.1991 година.

Ваквото постапување со носење одлуки и судска пререгистрација е во директна колизија со одредбите на Законот за Општествен Капитал член 1 а во врска со членот 2 , 6 и 81 од Законот за претпријатија , од причина што со одредбите на член 1 став 1 од ЗОК децидно е наведено дека може да издава интерни акции за прибавување на додатен капитал само претпријатие во целосна општествена сопственост при што директно е суспендиран Договорот за основање на ДОО Фершпед Скопје според чија содржина основано е Претпријатие во мешовита сопственост во форма на Друштво со ограничена одговорност врз основа на одредбите од член 81, 82 и 104 од Законот за претпријатија .

Претходно изнесената хронологија на настаните со краток коментар на одредени правни дејствија , најпрецизно ја лоцира аномалијата на Фершпед , очигледно Фершпед не можел и не смеел да стане Акционерско друштво според тогашните позитивни прописи . Вината за ова дејствие припаѓа истовремено на одговорните лица во Фершпед и судските органи кој дозволиле и извршиле незаконита пререгистрација на ДОО во АД .

Следствено во подоцнежните фази , поточно во фазата на доприватизација на општествениот капитал според Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ( Сл. Весник на РМ бр 38/93 и 6/2002 ) врз основа на Одлука на Управниот одбор на АД Фершпед број 880 од 24.10.1994 избран е модел на трансформација Ђ Продажба на претпријатието на лица кои го превземаат управувањето и водењето на работите и веќе на 19.04.1995 година склучен е Договор за продажба на претпријатието меѓу Агенцијата на РМ за приватизација претставувана од Директорот Мирољуб Шукарев и АД Фершпед Скопје претставувано од Штерјо Наков Ђ генерален директор под број 1813 .

Целата постапка на трансформација водена од страна на Агенцијата за приватизација изобилува со низа неправилности . Пред се поради тоа што Агенцијата допушта трансформација и се впушта во истата . Преоѓајки преку фактот на недопуштеност , нормално е што сите останати дејствија во своето битие се недозволени и незаконити. Во овој контекст ќе повторам , се отвараат прашањата за бројот на акции со кои располагаат лицата кои управуваат , процентот на утврдениот општествен капитал , недоследности во акцинерските книги кои прашања сами по себе се безпредметни , бидејки само вршат дефокусирање од основниот проблем на Дозволена или Недозволена приватизација.

Согледувајќи ја ваквата состојба и неминовната потреба за надминување на пропустите во постапката на приватизација Управата за Јавни Приходи Ђ Регионална Дирекција Скопје а по претходно добиени сознанија (пријави) од оштетени акционери , отвори работен налог за контрола во АД Фершпед Скопје и изврши контрола во рамки на својата надлежност во текот на месец Јуни и Јули 2002 година . Контролата на исправноста и законитоста е извршена со увид и проверка на потребниот обем на податоци од документацијата и евиденциите на правниот субјект во оригинали а кои по наредба на дежурниот судија на Основниот суд Скопје И Скопје , број ИВ КРИ бр.152.02 од 17.06.2002 година се

одземени од надлежните инспекциски органи кој ја вршеа контролата со записник од 18.06.2002 год. и депонирани во судското депо како и документацијата што се наоѓа кај Агенцијата на РМ за приватизација .

Наодите на контролата се изнесени во Извештајот од 12.07.2002 година под број 14-8/611 и доставени до сите релевантни институции во смисол на Јавниот Правобранител , Јавниот Обвинител и останати а воедно со допис бр 14-8/611/1 преку Агенцијата на РМ за приватизација до Комисијата за приватизација при Владата на РМ побара да се поведе постапка за донесување на Решение со кое се бара да се Поништи или Преиначи Решението бр.15-230/11 од 24.01.1995 год донесено од Комисијата за приватизација при Владата на РМ со кое е издадена согласност за доприватизација на Фершпед АД Скопје .

На ваков чекор Управата за Јавни приходи се одлучи имајќи ги во предвид искуствата пред судовите во земјава како и можноста целата приватизација да се претвори во една голема судница и истовремено ценејќи ја околноста дека постапката за трансформација согласно ЗТПОК се спроведува по одредбите на Законот за општа управна постапка ( ЗОУП ) а која околност не е спорна ни во правната пракса ни во теоријата .

Владината Комисија ги уважи овие укажувања и во редовна постапка донесе Решение бр 23-3973/2 од 27.08.2002 година со кое го огласи за Ништовно своето Решение бр.15-230/11 од 24.01.1995 година како и сите акти кои произлегуваат врз основа на ова Решение а се однесуваат на приватизацијата на Фершпед.

Од страна на Фершпед АД Скопје беше искористено правото да поведе непосредно Управен спор пред Врховниот Суд на Република Македонија против решението на Владата , и сета надеж дека ќе се случи пресврт во македонската приватизација беа насочени кон него .

Врховниот Суд се произнесе по овој предмет кон крајот на 2004 година по повеќе од две години од заведување на спорот далеку од очите на јавноста одлучи во полза на АД Фершпед Скопје , со што се пропушти можноста да се заштити државниот имот и се изврши легализација на незаконитата приватизација .

Изнесените факти неспорно говорат за незаконитата приватизација на Фершпед АД Скопје . Исто така неспорен е фактот дека Фершпед АД Скопје егзистира во правниот промет во Македонија и за цело време со себе го носи товарот на своето минато , кое пак со цел да се затскрие неминовно генерира корупција во високите кругови на власта .

Конечен заклучок во скратена верзија е дека транзициската олигархија извојува уште една победа наспроти принципите на правната држава и владеењето на правото.